Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 17**

**21.11.2016**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за донесување на Општ акт за с.Света**

1.Јо објавувам Одлуката за донесување на Општ акт за с.Света донесена на 56-тата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 16.11.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-947/1** **Општина Демир Хисар**
**21.11.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**519.** Согласно член 84 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.199/14; 44/15; 193/15 и 31/16) и член 43 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. Гласник на општина Демир Хисар, бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 16.11.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Општ акт за село Света**
**Член 1**

Се донесува Општ акт за село Света, Демир Хисар, со плански опфат од 44,21ха, заради уредување на начинот на изградба во селата кои немаат урбанистичка документација. Потребата од донесување на Општ акт за село Света е утврдена со програмата за изработување на Општи акт за општина Демир Хисар за 2016 година, донесена од Советот на општината, бр. 17-35/10 од 29-01-2016год.

За Општиот акт за село Света, Одобрена е Предлог – Одлуката за изготвување на Општ акт за село од страна на Комисија формирана со Решение од Градоначалникот на општина Демир Хисар со бр. 11-423/8 од 12-10-2016год., и донесена е Согласност од страна на Министерство за транспорт и врски, бр. 24-13399/2 од 08-11-2016 год. Од страна на АКН доставени се дигитализирани архивски оригинали за село Света, со допис број 09-6493/2 од 09-04-2014год.

**Член 2**

Општиот акт за село Света е изработен од „Иванов Инженеринг“ од Битола со техн. број 0801-04-04/16 од 04/2016 година.

Општиот акт содржи:

Текстуален дел:

- Географско и геодетско определување на подрачјето на опфат на селото со граници и површина;
- Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на опфат на селото;
- Опис на намени според дефинирани наменски зони;
- Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите;
- Начин на реализација на инфраструктурни водови и градби;
- Просторна организација и услови за градење во селско – стопански двор;
- Опис на основните влезни и излезни постојни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување;
- Сообраќајни услови за пристап до градбите и начин на решавање на стационарниот сообраќај;

Нумерички дел:

- Билансни показатели;

Графички дел:

- Пошироко опкружување на селото ................................................ 1 : 10000
- Извод од претходно изготвена планска документација ................... 1 : 2500
- Дигитализиран архивски оригинал на катастарски план
  со граница на опфат на селото ......................................................... 1 : 2500
- Граница на опфат на селото, наменски зони и
  Сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување ...................... 1 : 2500

Текстуалните одредби за начинот на реализација на општиот акт се составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во Службен Гласник на општина Демир Хисар

Доставено до :
- архивата

**Бр. 17-927/4 Совет на Општина Демир Хисар**
**16.11 2016година Претседател**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2017 година**

1.Го објавувам Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2017 година донесен на 56-тата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 16.11.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-947/3 Општина Демир Хисар**
**21.11.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**520.**Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Сл. весник на РМ“ бр.4/2008), а согласно член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 16.11.2016 година, донесе

***ПЛАН ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ***
***На Општина Демир Хисар за 2017 година***

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поаѓајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на Општина Демир Хисар, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од економскиот развој и комуналното уредување, Општина Демир Хисар особено ќе развива планови и програми и тоа:

1. **Развојна програма- Линиска инфраструктурна градба**

“Изградба на локален пат раскрсница (локален пат Обедник-Смилево) - Манастир “Св. Петар“ - Боиште (делница од раскрсница до Манастир “Св. Петар“)“

Со оваа развојна програма предвидено е да се изгради локален пат раскрсница (локален пат Обедник-Смилево) - Манастир “Св. Петар“ - Боиште
(делница од раскрсница до Манастир “Св. Петар“)“.

Изградбата на локалниот пат ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2015 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на локалниот пат е 5669 м[1], а проектната вредност на работите изнесува 28.713.703,00 денари без ДДВ 18%. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за развој на алтернативниот туризам.

Оваа развојна програма се однесува за 2017 година. Со реконструкцијата ќе се започне во март 2017 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Трасата на локалниот пат поминува низ земјиште кое е во сопственост на

Република Македонија и мал дел кој е во сопственост на Македонската православна црква (МПЦ). За основниот проект издадено е одобрение за градење.

Датум на завршување на проектот е 15.09.2017 година.

Се планира вкупната вредност на оваа развојна програма да изнесува 31.146.561,00 денари со ДДВ 18%.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура и средства преку долгорочно домашно задолжување на општината во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП).

Овај план за развојни програми влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 17-927/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**16.11.2016 година Председател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година II Ребаланс**

1.Ги објавувам Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година - II Ребаланс донесени на 56-тата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 16.11.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-947/2 Општина Демир Хисар**
**21.11.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**521.**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на Општина Демир Хисар на 56 тата седница одржана на 16.11.2016 година, донесе

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**

**На Општина ДЕМИР ХИСАР за 2016 година**

**1.Општ дел**

Член 1

Буџет на Општина Демир Хисар за 2016 година се состои од:

| | | |
|---|---|---|
| I. ВКУПНИ ПРИХОДИ | 166.501.000 | 159.101.000 |
| Даночни приходи | 15.680.000 | 15.280.000 |
| Неданочни приходи | 5.632.000 | 5.732.000 |
| Капитални приходи | 4.845.000 | 5.515.000 |
| Приходи од дотации | 70.355.000 | 70.355.000 |
| Приходи одТрансфери | 53.475.000 | 45.705.000 |
| Приходи од донации | 16.514.000 | 16.514.000 |

| | | |
|---|---|---|
| II. ВКУПНИ РАСХОДИ | 166.501.000 | 159.101.000 |
| Од утврдени намени | 166.371.000 | 158.971.000 |
| Резерви | 130.000 | 130.000 |

| | | |
|---|---|---|
| III. ДЕФИЦИТ | 0 | 0 |
| IV. ФИНАНСИРАЊЕ | 0 | 0 |
| Прилив | 0 | 0 |
| Домашни приливи | 0 | 0 |
| Приливи од странски | 0 | 0 |
| Одлив | 0 | 0 |
| Отплата на главница | 0 | 0 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

---------------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1. Одлука за донесување на Општ акт за с.Света-----------------------------------------------1-2
2. План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2017 година-------------------2-3
3. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година (II Ребаланс)-------------------------------------------3

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**